Вкупно **56 деца од основните училишта во општина Кривогаштани беа наградени на четвртиот по ред конкурс на тема „Создаваме нови приказни од старите сказни“** што го организираа Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), општината Кривогаштани и основните училишта „Манчу Матак“, „Јонче Смугрески“ и за првпат „Страшо Пинџур“.



Оваа година **300 деца од 6 до 14 години конкурираа со 57 изработки од рециклирани материјали** кои се користат во тутунопроизводството. На овој начин, освен што го намалуваат тутунскиот отпад, исто така влијаат на **подигнување на свеста кај нивните родители за елиминирањето на детската работа во процесот на тутунопроизводство**
.

**Како и секоја година, така и оваа најдобрите девет дела беа наградени.** Освен тоа, членови на драмската секција ја изведоа нивната
**драматизација „Гласно утро“**
, преку која на комичен начин го прикажаа секојдневието на тутунарите и работата на нивите со Ромите аргати, кои сè почесто се дел од тутунското секојдневие.



Организаторите рекоа дека претставува вистинско задоволство да се гледа среќата на лицата на наградените и ентузијазмот со кој го очекуваат следниот настан, бидејќи сакаат наредната година да бидат уште подобри.

На настанот беше промовирана и брошурата „Тутунското секојдневие низ детската креативност“, во која се прикажани сите наградени дела на натпреварот од изминатите три години и која покажа како расте свеста кај децата и родителите за Земјоделските работни практики (ALP) и за елиминирање на детскиот труд во тутунопроизводството.




На манифестацијата присуствуваа претставници од организаторите на конкурсот, голем број на ученици и родители, но и претставници на тутунските компании: Сокотаб, Тутунски комбинат Прилеп и Алијанс Уан.